Уп. Бр.08-43/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција ФЕШН КОМПАНИ Друштво со ограничена одговорност, Белград (Нов Белград), со седиште на булевар Михаила Пупина 115б, 11000 Белград, Србија, доставено преку Кристијан Поленак, адвокат од Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција ФЕШН КОМПАНИ Друштво со ограничена одговорност, Белград (Нов Белград), со седиште на булевар Михаила Пупина 115б, 11000 Белград, Србија *има намера да стекне директна контрола врз* МОВЕМ И КО Д.О.О. БЕЛГРАД, со седиште на Земунска 22/34, 11070 Београд – Нови Београд, Србија, по пат на стекнување на капитално учество, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 14.02.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција ФЕШН КОМПАНИ Друштво со ограничена одговорност, Белград (Нов Белград), со седиште на булевар Михаила Пупина 115б, 11000 Белград, Србија,, со која Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција ФЕШН КОМПАНИ Друштво со ограничена одговорност, Белград (во понатамошниот текст: ФЕШН КОМПАНИ), *има намера да стекне директна контрола врз* МОВЕМ И КО Д.О.О. БЕЛГРАД, со седиште на Земунска 22/34, 11070 Београд – Нови Београд, Србија, по пат на стекнување на капитално учество.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ФЕШН КОМПАНИ** е основано во 1993 година. ФЕШН КОМПАНИ е едно од најафирмираните малопродажни друштва во регионот на Југоисточна Европа активно во модниот бизнис и модната трговија на мало и големо со околу 100 малопродажни места во Србија и регионот (Црна Гора, Северна Македонија, Хрватска, Романија, Босна и Херцеговина).

Активностите на ФЕШН КОМПАНИ се фокусирани на увоз и дистрибуција на текстилна облека и обувки преку организирана малопродажна и големопродажна мрежа.

Брендовите кои ФЕШН КОМПАНИ ги застапува припаѓаат на класата на светски познати модерни урбани брендови, како што се: Diesel, Levi's, Tommy Hilfiger, Calvin Klein, Scotch & Soda, Replay, Timberland, Camper, Steve Madden, Bata, Liu Jo, Guess, Mango, Desigual, Inuikii, Mou, Paccioti 4US, Maison Scotch, Dstrezzed, UGG, HUGO, Premiata, Superdry, Moon Boot, Patrizia Pepe и многу други. Карактеристично за работењето на ФЕШН КОМПАНИ е понудата на широка лепеза на облека, обувки и модни додатоци на познати светски брендови на географски различни, но секогаш премиум локации.

ФЕШН КОМПАНИ има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија :

**Друштво за трговија на големо и мало со текстил и текстилни производи ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО увоз-извоз Скопје**, со регистрирано седиште на Даме Груев 28 01/1/2, Центар, Скопје, Северна Македонија и регистрираната дејност на ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО е трговија на мало со облека во специјализирани продавници. ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО преку брендот Fashion Group е дистрибутер во Северна Македонија на повеќе од 25 меѓународни модни брендови, меѓу кои Aristoteli Bitsiani, Boss, Calvin Klein, Diesel, Levi's, Mango итн.

**МОВЕМ И КО Д.О.О. БЕЛГРАД** е основано во 1997 година. Оттогаш, МОВЕМ И КО Д.О.О. БЕЛГРАД стана партнер на HUGO BOSS AG, CANALI и брендот TRUSSARDI. МОВЕМ И КО Д.О.О. БЕОГРАД е и дистрибутер на JOOP!, Z by Zegna и Armani.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**